# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

**Архивски број:04-28/2**
**Датум: 04.01.2023 година**

Врз основа на член 52 од Законот за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14,48/15,154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19,14/20,112/2020 и 215/2021) В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе

**О Д Л У К А**
за избор за унапредување на административен службеник

1.По интерен оглас број 04/2022 за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, објавен на 16.12.2022 година на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенција за администрација, архивиран под број 04-1143/2 од 15.12.2022 година, за работно место Раководител на Сектор за проекти и административна поддршка на Директорот со шифра УПР 01 01 Б02 000, ниво Б2- Сектор за проекти и административна поддршка на Директорот, 1 извршител, од предложената ранг листа *се избира следниот кандидат*:

- *СИЛВАНА ТРБОГАЗОВА*

2. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство за Силвана Трбогазова во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на ова одлука.
3. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, во кој беше објавено работното место Раководител на Сектор за проекти и административна поддршка на Директорот со шифра УПР 01 01 Б02 000, ниво Б2- Сектор за проекти и административна поддршка на Директорот, 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за унапредување на раководни административни службеници, формирана со Решение бр.04-1143/7 од 27.12.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-1143/12 од 30.12.2022 година, по што директорот спроведе интервју и за истиот состави Записник заведен под бр.04-28/1 од 04.01.2023 година.

Врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во записникот заведен под број 04-28/1 од 04.01.2023 година, се изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

## Република Северна Македонија
### Државен инспекторат за земјоделство

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници ,,Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката , донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имаќи го во вид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатите
- персонално досие
- архива

Со почит,

В.Д Директор

м-р Јане Станкоски


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk